Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија ЕТИКА ПРЕС Скопје

| Примена: | 02.04.2018 | | |
|---|---|---|---|
| Организациона единица | Број | Прилог | Вредност |
| | 126 0306 | | |

02.04.2018

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 26 март 2018 година, врз основа на примена жалба од здружението „Транспаренси Интернешнел Македонија“, ја донесе следната:

# О Д Л У К А

## ЖАЛБАТА СЕ ОТФРЛА КАКО НЕОСНОВАНА

Нема цензура и отстапување од професионалните
и етички стандарди кај ТВ Телма

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија, на 14 март 2018 година, здружението „Транспаренси Интернешнел Македонија", поднесе жалба поради отстранување видео - содржина, емитувана на 1 март 2018 година, на Телевизија Телма. (www.telma.com.mk).

Во жалбата се наведува дека ТВ - прилог, емитуван на 1 март во информативното издание на телевизија Телма во 15:30 часот, бил отстранет од веб - страницата на медиумот и воопшто од целокупниот интернет простор, со што содржината станала целосно недостапна за јавноста. Жалителот смета дека со тоа медиумот направил цензура и постапил непрофесионално и неетички.

*„Повредена е слободата на медиумите како неприкосновено право, потоа повредено е правото на јавноста да биде информирана, согласно член 16 од Уставот на РМ, односно направена е цензура, а покрај тоа, прекршени се членови од Универзалната декларација за човекови права на ООН, Европската конвенција за правата на човекот, кои се составен дел од правниот поредок на Република Македонија"*, посочуваат од „Транспаренси Интернешнел Македонија" во жалбата.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со Телевизија Телма и побара уредничкиот колегиум да се изјасни по однос на наводите на жалбата. Главниот и одговорен уредник на ТВ Телма, Атанас Кировски, одговори на наводите на жалителот.

Кировски ги отфрла наводите на жалителот како неосновани и паушални и појаснува дека станувало збор единствено за технички проблем со интернет страницата. Според него, се работело за проблеми со серверот, поради што дел од објавените содржини не се задржале на серверот.

*„Дека не постоело тенденција за повреда на правото на јавноста за информирање, а уште помалку цензура, како што се тврди во жалбата, може да се утврди со преглед на останатите содржини на информативните изданија на ТВ Телма, во кои, за сите споменати случаи се објавени и посебни информации.  За случајот „Банки", токму претставник на Транспаренси Интернешнел говорел во дебатната емисија на Телма"*, наведуваат од Телма во одговорот на жалбата.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

**ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ**

Комисијата за жалби утврди дека жалбата е **НЕОСНОВАНА** и дека нема прекршување на Кодексот на новинарите на Македонија.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА**

На седницата на 26 март 2018 година, Комисијата за жалби ги разгледа наводите на жалителот и изврши увид во спорната содржина. Таа, најпрво, заклучи дека не може и нема право да ги утврдува причините за исчезнувањето на содржината од интернет страницата на ТВ Телма. Надлежност на Комисијата е единствено да ги утврдува етичките и професионалните стандарди во новинарскиот производ.

Членовите на Комисијата, најнапред, заклучија дека се работи за прилогот насловен „Изборот на обвинители може да заврши пред Антикорупциска", објавен во вестите на ТВ Телма во 15:30 часот, а потоа констатираа дека тој навистина е недостапен на веб-страницата на Телевизијата.

Сепак, спротивно на забелешките на жалителот, Комисијата утврди дека содржината не е целосно недостапна во интернет просторот. Членовите на Комисијата проверија и го пронајдоа ТВ прилогот на YouTube каналот на ТВ Телма (https://www.youtube.com/watch?v=vdptU4qxJ3I), што беше клучен факт да констатираат дека нема доволно елементи за да се утврди цензура и прекршување на професионалните и етичките стандарди кај медиумот.

Во исто време, Комисијата ја повикува ТВ Телма да направи напори и содржината да ја врати на нејзината интернет страница, каде што беше недостапна до објавувањето на оваа одлука.

Согласно Кодексот на новинарите на Македонија, генерално, треба да се избегнува повлекување на еднаш објавениот материјал на интернет, а доколку тој се измени или отстрани, тоа мора да биде јасно назначено.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како во диспозитивот.

На седницата Теофил Блажевски беше изземен од расправата за случајот, во согласност со членот 10 од Деловникот на Комисијата поради судир на интереси, со цел да се обезбеди мериторност во одлучувањето.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Мери Јордановска, Гоце Герасимовски и Филип Ѓурчиновски.

**Се обврзува телевизија Телма (www.telma.com.mk), во согласност со членот 18 од Деловникот за работа на Комисијата за жалби, да ја објави оваа одлука.**

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија * ЕТИКА ПРЕС Скопје

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595